# Одржана работилница за “Научени лекции и искуства” наменета за градоначалниците во рамките на Твининг лајт проектот за Инвестиции во руралната инфраструктура




На 22.07.2015 година во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се одржа работилница за “Научени лекции и искуства” наменета за градоначалниците во рамките на Твининг лајт проектот за Инвестиции во руралната инфраструктура. Имено, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој заедно со Агенцијата за земјоделски пазари и рурален развој од Словенија го спроведуваат Твининг лајт проектот за поддршка на ИПАРД Агенцијата за подготовка за акредитација на мерката Инвестиции во руралната инфраструктура. Целта на Твининг лајт проектот е да го зајакне капацитетот на Агенцијата согласно европските и националните барања за спроведување на оваа мерка и да ги подготви сите документи неопходни за добивање на акредитација за користење на средствата.



Воведувањето на мерката за Инвестиции во руралната инфраструктура е значајна бидејќи е наменета за подобрување на условите за живот во руралните средини, за создавање на поволна средина за економски развој и отворање на работни места, за корегирање на регионалните диспаритети и за придонес во процесот на намалување на отселувањето од руралните области.

На работилницата присуствуваа 62 претставници од 40 општини, од кои 18 градоначалници. Работилницата ја отворија Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Директорката на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Своето искуство го презентираа градоначалникот на општина Подчетртек од Словенија – Петер Мисија, директорот на администрацијата на општина Блед – Матијаж Берчон и Брина Кориншек од Министерството за земјоделство, шумарство и храна на Република Словенија. Исто така претставници од АФПЗРР и МЗШВ ја презентираа мерката Инвестиции во руралната инфраструктура и постапката пред Агенцијата.